Г Р А Д  С К О П Ј Е

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи

ПРЕТСТАВНИК: Секретар на Град Скопје

ПОВЕРЕНИК: Раководител на Сектор за комунални работи

# **П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А**
**за субвенционирање на**
**ЈП Лајка- Скопје**

**Скопје, јануари 2024 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/02), а во врска со член 8-б од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија " бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 , 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19 , 89/22 и 274/22 ), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на __.__.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за субвенционирање на**
**ЈП Лајка- Скопје**

Член 1

Со оваа Одлука Град Скопје одобрува субвенционирање на Јавното претпријатие Лајка – Скопје, во износ од 4.000.000,00 ( четири милиони) денари за потешкотии во работењето.

Член 2

Средствата за оваа намена се обезбедени со Буџетот на Град Скопје за 2024 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

Број 27-
_________2024 година

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
ТРАЈКО СЛАВЕСКИ

**О б р а з л о ж е н и е**

Со член 36 од Законот за локална самоуправа утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје.

Согласно член 8-б од Законот за јавните претпријатија, јавните претпријатија основани од страна на Градот Скопје, можат да добиваат финансиска помош, односно одредени финансиски поволности од страна на основачот.

Бидејќи претпријатието не ги остварило своите приходи, а општините во градот Скопје не ги подмируваат своите обврски навремено, со оваа одлука предвидена е субвенција од 4.000.000,00 ( четри милиони) денари, обезбедени од Буџет на Град Скопје за 2024 година, преку ставката за потешкотии во работењето, од причина што претпријатието се наоѓа во незавидна економска состојба, па согласно на тоа овие средства ќе допринесат за извесна материјална консолидација на претпријатието.

Врз основа на погоре наведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за субвенционирање на ЈП Лајка – Скопје.